# Принципи на професионалната етика

## Општо

Сертифицираните лица мора да се придржуваат на овие принципи на професионална етика како и на соодветните одредби од важечката програма за сертификација. Тие секогаш мора да бидат запознаени со регулативите и барањата на стандардите со кои работат и да се придржуваат кон нив најсовесно и најдобро што знаат. Сертифицираните лица мора да ги извршуваат своите професионални должности, земајќи ги предвид применливите еколошки и безбедносни барања за здравјето и благосостојбата на пошироката јавност, во согласност со националното законодавство. Тие мора да се стремат да ја одржат својата компетентност со тоа што ќе го усогласат своето стручно знаење во однос на најсовремените текови, нешто што е потребно за правилно извршување на нивните задачи во сертифицираната метода и ниво.

## Одговорност кон сертификациското тело

Сертифицираните лица мора да ги проверат информациите на сертификатите. Доколку информациите се неточни, на пример поради измени на личните податоци на сертифицираното лице или поради тоа што истото не ги исполнува повеќе условите за сертификација, обврска на сертифицираните лица е во најбрз можен рок да го информираат сертификациското тело, за тоа да може, доколку сертифицираното лице и понатаму ги исполнува условите за сертификација, да издаде нов и коригиран сертификат или доколку тоа не случај, да може да го суспендира или повлече сертификатот. Сертифицираните лица треба веднаш да го известат сертификациското тело за било какво согледано нарушување на овие професионални етички принципи и да го пријават секој обид за вршење притисок или присилување на сертифицираното лице да ги крши овие принципи. Сертифицираните лица мора да се воздржат од какви било неетички акти што би го дискредитирале системот за сертификација или би го дискредитирале сертификациското тело без вина на истото.

## Одговорност кон јавноста

Сертифицираните лица смеат да ги потпишуваат само оние документи кои се во опсегот на нивната сертификација како и во случаите кога располагаат со стручни знаења и/или имаат директен надзор и контрола. Тие смеат да ги извршуваат само оние задачи за кои располагаат со искуство, квалификација и за тоа се сертифицирани. Во испитниот процес тие мора во одредени случаи да вклучат и други стручни лица или да препорачаат нивно вклучување, доколку тоа се покаже како неопходно за правилно извршување на испитувањата.

## Одговорност кон работодавачите, клиентите и деловните соработници

Сертифицираните лица смеат да извршуваат само задачи кои се во склоп на нивниот работен однос, за кои се овластени од нивниот работодавач. Исто така нивна должност е веднаш да го информираат работодавачот во случај нивните сертификати да бидат суспендирани или повлечени. Сертифицираните лица мора да се однесуваат одговорно и да применуваат фер деловна пракса со своите колеги, клиенти и деловни соработници.

## Конфликт на интереси

Сертифицираните лица треба да избегнуваат појава на конфликт на интереси при нивната работа кај работодавачите или клиентите. Во случај при нивното работење да настапат вакви конфликти, тие треба без одлагање да ги известат засегнатите страни за настанатата ситуација.

## Заштита и пренесување на информации

Сертифицираните лица мора да ги штитат сите информации кои им се соопштени во доверба од страна на работодавачот, клиентите, колегите или од други лица. Притоа, неопходно е да се придржуваат кон сите соодветни законски прописи за деловна односно професионална доверливост и заштита на личните податоци. Исто така, забрането им е од лична корист или за лична корист да пренесуваат било какви информации на трети лица.

## Прекршоци

Ако се докажат прекршувања на овие принципи на професионална етика, тогаш СЕЦТОР Церт го задржува правото да ги повлече сертификатите кои ги издал. Повлечените сертификати мораат веднаш да бидат вратени на СЕЦТОР Церт.

FBA03-61-03-MK REV 3.0

# Принципи на професионалната етика

**Изјава на сертифицираното лице**

Принципите на професионална етика ги прочитав и ги разбрав. Со својот потпис потврдувам дека ќе се придржувам до принципите на професионална етика и дека сум свесен за тоа дека прекршувањето на горе споменатите обврски може да води до повлекување на мојот сертификат.

| ............................... | ........................................................................... | ..................................................... |
|---|---|---|
| Дата | Презиме, Име | Потпис |

FBA03-61-03-MK REV 3.0